**ГРАД СКОПЈЕ**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за општи работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Каролина Огњановиќ - Чукалиева**
**Помошник раководител на Сектор за општи работи**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА
## за давање на времено користење на движна ствар - возило на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ - Скопје

Скопје, Февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), Советот на Град Скопје на ____________ седница, одржана на ____________ 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење на движна ствар - возило на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Град Скопје дава на времено користење на ЈСП „Скопје“ - Скопје, едно патничко моторно возило, и тоа:

- Марка: Фолксваген (Volkswagen)
- Тип: Пасат (Passat)
- регистарски број SK 8121 AP
- број на шасија: WVWZZZ3CZCP026435
- година на производство: 2011

**Член 2**

Патничкото моторно возило од член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење од 2 (две) години, без надомест.

**Член 3**

Начинот и условите на користење на возилото од член 1 на оваа Одлука ќе се уреди со договор помеѓу Град Скопје и ЈСП „Скопје“ - Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број 08-　　　　　　　　　　С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е

_________2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) согласно која Советот на Град Скопје, одлучува за начинот на располагање со сопственоста на градот.

Оваа одлука се предлага поради олеснување на работата на ЈСП „Скопје„ – Скопје, до обезбедување на сопствено возило, врз основа на барање од ЈСП “Скопје“ – Скопје.

Со предложената одлука, патничкото товарно возило, Градот Скопје го дава на времено користење на ЈСП „Скопје“ - Скопје, во траење од 2 (две) години, без надомест.

Начинот и условите на користење на патничкото товарно возило ќе се уреди со договор помеѓу Град Скопје и ЈСП „Скопје“ - Скопје, кој ќе го склучат Градоначалникот на Град Скопје и в.д Директорот на јавното претпријатие.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање на времено користење на движна ствар - возило на ЈСП „Скопје“ - Скопје.